Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на чл. 22 и чл. 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), а согласно со чл. 40 ст. 2 и чл. 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава добиена од познат подносител, на првото продолжение од 55-тата седница одржано на 17.11.2021 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата на /// доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-2636/1 од 10.08.2020 година, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека друг орган е надлежен да постапува по наводите од пријавата на подносителот.

Предметот со број 12-2636 од 2020 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението во деперсонализирана форма, да се објави на нејзината веб страница во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-2636/1 од 10.08.2020 година во Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) е оформен врз основа на добиена пријава од //// (во понатамошниот текст: подносителот).

Во пријавата подносителот изнесува незадоволство поради откажување на нејзиното вработување во ///. Изнесува наводи со кои го побива отказот на нејзиното вработување кај погоре споменатиот орган. Последователно, пријавата ја надополни и од ДКСК бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Кон пријавата доставени се докази.

По разгледување на пријавата и доставените докази, ДКСК утврди дека наводите во предметниот случај се однесуваат на работен спор кој настанал по повод престанок на вработувањето на подносителот во погоре споменатиот орган. Според чл. 75 од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Северна Македонија" број 27/14 ... 14/20) отказот на вработувањето подносителот може да го побива во втор степен пред Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија. Видно со приложените докази, подносителот бил упатен да искористи вакво правно средство. Оттаму, ДКСК оцени дека друг орган е надлежен да постапува по наводите во пријавата на подносителот, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ДКСК нема законска надлежност да постапува во предметниот случај, пријавата да се отфрли и предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- Архивата на ДКСК
- Подносителот на пријавата

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: Н. Б.